Врз основа на член 58 став (1) точка 1 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15, 37/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.72/20), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 22 мај 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на Одлуката за спроведување на задолжителен државен карантин на државјаните на Република Северна Македонија вратени од странство со хуманитарни летови или конвои**

**Член 1**

Во Одлуката за спроведување на задолжителен државен карантин на државјаните на Република Северна Македонија вратени од странство со хуманитарни летови и конвои („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 71/20 и 100/20), во насловот по зборовите „задолжителен државен карантин“ се додаваат зборовите „или задолжителна домашна самоизолација“.

**Член 2**

Во членот 1 по ставот 2 се додава нов став 3 кој гласи:

„Доколку лицата од ставовите 1 и 2 на овој член, при влез на територијата на Република Северна Македонија приложат „PCR“ тест за Коронавирус COVID-19 направен во последните 72 часа пред да влезат на територијата на Република Северна Македонија, наместо во задолжителен државен карантин, се упатуваат во задолжителна домашна самоизолација“.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**Бр. 44-4462/1**
**22 мај 2020 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА
МАКЕДОНИЈА

**Оливер Спасовски**